# Црквата и проблемите на современата комуникација

Во февруари во **Русија** се одржа Меѓународна научно-практична конференција „Црквата и проблемите на современата комуникација“. Во последните години се појавија проекти со кои им се укажува помош на световни специјалисти што работат на религиозна тематика. Често проблемите што се јавуваат во оваа област се поврзани со постоењето на нерешени или недоволно истражени прашања во областа на јазикот на богослужбите, преводот на богослужбени и богословски текстови, толкувањето на свештените текстови, создавањето нова житијна литература итн. Цел на конференцијата беше да ги обедини напорите на научниците од разни области во оформувањето единствена насока за истражуваниот проблем. На почетокот на месец март, Издавачкиот Совет на Руската Православна Црква публикуваше прирачник-водич „Православен Интернет“, од авторот Ксенија Лученко. Развојот на системот на православните интернет ресурси и успешното ползување на новите комуникациски технологии од страна на Црквата се едни од најважните достигнувања во црковниот живот во последниве години. „Православен Интернет“ е водич во барањето квалитетна информација за Православието во рускиот сегмент на светската компјутерска мрежа.

Во јануари оваа година **Грузиската Патријаршија** потпиша договор со кој доби фреквенција за сопствена телевизија на каналот „Еврика“. Грузиската Православна Црква има и свое радио „Иберија“, што започна со работа пред 6 години.

# Црквата и проблемите на современата комуникација

Од извори во Грција се дознава дека Грчката влада дала прелиминарна согласност да ѝ се одобри на **Грчката Православна Црква** фреквенција под државната радио-телевизиска мрежа ERT. Прашање на време е кога Архиепископијата ќе добие официјално владино писмо со кое ќе ѝ биде овозможено да го реализира долгопосакуваниот проект за сопствена ТВ станица. Во Република Грција веќе неколку години многу успешно работат телевизиски канали на одделни православни општини.

Наскоро ќе може да се надминат проблемите околу комуникацијата со Атонскиот полуостров заради неговиот тешкодостапен терен. Грчката телекомуникациска компанија ОТЕ и американската фирма “Aperto Networks” ќе работат на поставување безжична ADSL интернет линија преку програмата WiMax, која дури отпосле ќе им биде ставена на располагање на корисниците во Грција. Така сега од **Света Гора** ќе може лесно да се оствари врска преку интернет или преку мобилен телефон со целиот свет.

**Православната Христијанска Мрежа (OCN), САД,** на 21 јануари стартуваше со 24-часовно православно интернет-радио The Ark („Ковчегот“), на сајтот www.receive.org. The Ark е замислен како сеопфатен општонационален медиа-ресурс кој непрестајно ќе го запознава растечкиот интернет-аудиториум со богатството на богословското, литургиското и музичкото наследство на православното христијанство. OCN се стреми кон тоа православните средства за масовни информации да станат ефективна поткрепа за секоја локална црква.



# Светиот Архиерејски Синод на БПЦ го избра Епископот Николај за Пловдивски Митрополит

На почетокот од февруари Светиот Архиерејски Синод на Бугарската Православна Црква, едногласно го избра дотогашниот Епископ Знеполски и викар на Патријархот г. Николај за нов Пловдивски Митрополит. Од името на Светиот Синод, патријархот Максим му го честиташе изборот на новиот митрополит, забележувајќи дека тој има стекнато богато искуство како администратор за време на службата во Софиската митрополија, кое ќе му биде од полза при работата во Пловдивската епархија, најголема во Бугарската Православна Црква. Митрополитот Николај вети дека ќе ги исполни дните на своето служење „со ревност по Божјото дело. Во односите со претставниците на многубројните вероисповеди во Пловдив ќе се придржувам кон апостолскиот призив да живеам во љубов со сите луѓе, ќе се однесувам и канонски, и дипломатски". Востоличувањето на најмладиот владика во Бугарската Православна Црква беше извршено после Вечерната богослужба на денот на Прочка во соборниот храм на Пресвета Богородица во Пловдив. Митрополитот Николај по овој повод прими честитки и од највисоките државни претставници на Република Бугарија.

Светиот Синод на Бугарската Православна Црква исто така одлучи да ракоположи и тројца нови епископи. Досегашниот главен секретар на Светиот Синод, архимандрит Наум, на 17 март беше хиротонисан за епископ Стобиски, а поранешниот протосингел на Софиската митрополија, архимандрит Јован, на 18 март беше хиротонисан за епископ Знеполски, на местото на сегашниот Пловдивски митрополит. Хиротонијата на ректорот на Софиската духовна семинарија „Свети Јован Рилски" архимандрит Сиониј, на 24 март оваа година, беше последна во низот. Сите хиротонии беа извршени во софискиот соборен храм на свети Александар Невски, на Божествена Литургија со која чиноначалствуваше Бугарскиот патријарх Максим.

Извор: www.dveribg.net







# Делегација на Македонската Православна Црква во Цариград

На 21 февруари 2007 година, во патријаршиската резиденција во Цариград беше остварена средба меѓу делегација на Цариградската Патријаршија, предводена од Патријархот Вартоломеј, и делегација на Македонската Православна Црква, составена од Митрополитот Дебарско-кичевски и Плаошки г. Тимотеј, Митрополитот Струмички г. Наум и архимандритот Партениј.

Извор: www.mpc.org.mk

# Метод на полжавот

## *На што се чуди орелот*

Деновиве, на сајтот на Српската Православна Црква е ставена информација што е преземена од сајтот на таканаречената ПОА, во која се тврди дека некој нивен епископ е претепан и истеран од гробиштата во Битола, Република Македонија. Тоа претставува уште една груба лага и дезинформација од серијата на лаги и полувистини што постојано преку ваквите сајтови се шират во православниот свет, на штета на угледот на Македонската Православна Црква и на севкупното црковно единство.

Согласно сведоштвото на лица коишто биле на местото на случувањето, потврдено дури и од припадници на таканаречената ПОА, знаеме дека од страна на агенцијата за обезбедување и од полицијата не била применета никаква физичка сила врз свештеното лице на српскиот егзархат, освен што бил истеран од гробиштата кои се имот на црквата на Света Недела во Битола. Како што е познато, на тие лица не им е дозволен пристап или какво било вршење на верски обреди на имот на Македонската Православна Црква. За нарушување на владение на туѓ имот, луѓе фатени на лице место биле и притворани.

Целта на ваквите груби лаги и дезинформации, кои редовно произлегуваат од приврзаниците на очајниот егзархат, е да се оневозможи и запре меѓуцрковниот дијалог на Македонската Православна Црква и Српската Православна Црква, а со тоа да се продолжи во недоглед меѓуцрковниот спор. Се разбира, од ваквата состојба корист имаат единствено лицата што ги пласираат ваквите лаги и полувистини, кои на овој начин сакаат да си ги зачуваат или подобрат своите позиции во парацрковната структура и пред Српската Православна Црква. Но веќе се прочитани од сите Помесни Православни Цркви, а прочитани се и на Света Гора.

Секако, тешко нас!, најнапред пред Господ, ако оваа вест беше вистина. Но, ако беше, сигурно ќе ја видевме фотодокументирана, и медицински и полициски, и испратена на сите релевантни фактори во светот. Тоа ќе беше плачење, лелекање и покажување по цела екумена. Ги видовме и порано со бараката во Драчево.

Но тоа е начинот на кој полжавот стига до врвот, со лигавење. Па, нека ти е среќен патот, брате - уредник на сајтот на предавничката парацрковна структура. Само што Христос Господ Го предадовте, а не нас...

од редакцијата на официјалниот сајт на Македонската Православна Црква
www.mpc.org.mk



# Соопштение
## на Светата Заедница на Света Гора - Атон во врска со православно-католичките контакти:




Неодамнешното гостување на папата Бенедикт XVI кај Вселенскиот патријарх по повод празнувањето на денот на св. Апостол Андреј Првоповикан (30 ноември/13 декември 2006 г.) и последувателната посета на Неговото Блаженство Атинскиот архиепископ Христодул на Ватикан (14/27 декември 2006 г.) станаа повод за различни впечатоци, оценки и реакции. Оставајќи ги настрана позитивните и негативните оценки на световниот печат, да го насочиме вниманието кон нештата што се однесуваат на спасението, бидејќи токму заради него го оставивме светот и се населивме во осаменоста на Света Гора.

Ние, монасите-светогорци, ја почитуваме Вселенската патријаршија, под чија канонска јурисдикција потпаѓаме. Се однесуваме со почит кон Сесветиот патријарх Вартоломеј и се радуваме на неговите достигнувања и напори за доброто на Црквата, сторени во име на љубовта кон Бога. Особено го цениме начинот на којшто тој цврсто и непрестајно ги заштитува среде разновидни тешкотии Вселенската патријаршија и Помесните Православни Цркви коишто имаат проблеми, и се грижи за тоа гласот на Православната Црква да се слушне низ целиот свет. Ние исто така ја почитуваме и светата Грчка Црква, која воспита повеќемина од нас, и го почитуваме нејзиниот блажен Поглавар. Но, сепак случувањата околу неодамнешните посети на папата во Фанар и на Атинскиот архиепископ во Ватикан ни ги исполнуваат срцата со тага.



Целиот живот си го посветивме на борбата за зачувување на светоотечкото наследство, кое ни го доверија светите ктитори на нашите свети обители и блаженоупокоените отци, наши претходници. Правиме сè што е во наша моќ за да живееме во тајната на Црквата и во негибнатата православна вера, во која и се поучуваме секојдневно со посредство на богослужби, читање од светите книги и проучување на поуките од светите Отци, изложени во нивните списи и во одлуките на Вселенските Собори. Ја чуваме сопствената догматска свест како зеница во око и ја утврдуваме, оддавајќи се на богоугоден труд и вредно проучувајќи ги подвизите на светите исповедници, кои посрамија безброј ереси, а ова особено нашиот свет отец Григориј Палама, светите маченици на Света Гора и маченикот Козма Први, чии свети мошти ги чуваме со најголемо благоговение и чиј спомен непрестајно го прославуваме. Стравуваме да молчиме кога станува збор за наследството што Отците ни го оставија. Чувствуваме посебен долг кон благоговејните отци и браќа од светогорското братство, како и кон целиот благочестив црковен народ, кој во атонското монаштво гледа непоткуплив чувар на Светото Предание.

Посетите на папата на Фанар и на Атинскиот архиепископ на Ватикан може и да помогнаа во постигнувањето извесни успеси во световни дела. Сепак, за време на тие патувања беа извршени нешта што не се во согласност со православната еклисиологија, и беа дадени ветувања што нема да донесат полза ниту на Православната Црква ниту на инославните христијани.

Прво, папата беше примен во Фанар како канонски Римски епископ. На церемонијата на пречекот папата беше облечен во омофор; Вселенскиот патријарх го поздрави со зборовите „благословен грјадиј во имја Господне [благословен е Оној Кој доаѓа во името Господово]"- тоа е секогаш Самиот Господ Исус Христос; папата го благословуваше народот, а во многулетието го нарекоа „светејши и блаженејши епископ Римски". За време на православната Божествена Литургија на која присуствуваше, папата повторно беше облечен во омофор, ја произнесе молитвата „Оче наш" и размени литургиски целив со патријархот- тоа е нешто повеќе од просто заедничка молитва. И сето тоа наспроти фактот што папството не се откажа од своите еретички догми и лукавства; напротив, Рим очигледно ја промовира унијата и се обидува да ја наметне, исто како и догмата за своето првенство и непогрешливоста на папата, а покрај сè друго и заедничката молитва со претставниците на нехристијанските религии и од тоа произлегувачката општорелигиозна хегемонија на папата.

Што се однесува до начинот на којшто папата беше примен во Фанар, особено сме огорчени од неверодостојната информација, пренесена од сите медиуми, дека тропарите што притоа биле отпеани - нешто што воопшто не требало да се прави - дури биле составени на Атон од монаси-светогорци. Го користиме случајот за да им кажеме на сите благочестиви христијани дека ниту еден атонски монах не е ниту пак би можел да биде нивен автор.



Сега да преминеме на обидот на блажениот Атински архиепископ да ги изгради односите со Ватикан заради решавање на социјалните и културните задачи како и на проблемите во областа на биоетиката и заради здружена заштита на христијанските корени на Европа (за ова се зборува и во заедничкото соопштение, потпишано од папата и патријархот во Фанар). Сето тоа воопшто не е штетно па дури е и полезно под услов да има за цел изградба на мирољубиви односи меѓу луѓето. Притоа е важно да не се создава впечатокот дека Западот и Православието се на иста позиција, и да не се заборава јазот што го дели православното Предание од она што обично се нарекува „европски дух“. Западна Европа го носи бремето на цела низа антихристијански дејствија, како што се: крстоносните походи, „светата“ инквизиција, трговијата со робови и колонијализмот. На нејзин товар паѓаат и трагичната поделба изразена во протестантскиот раскол, разрушителните светски војни, антропоцентричниот хуманизам, како и безбожноста која произлегува од него. Сите тие работи се последици на богословското отстапување на Рим од Православието. Постепено папските и протестантските ереси Го изгонија кроткиот Христос на православната вера и го крунисаа гордиот човек место Него. Светиот Николај, епископ Охридски и Жички, пишува од Дахау: „Што е Европа? Папата и Лутер... Тоа е онтолошката и историска суштина на Европа“. Дополнувајќи го, преподобен Јустин Поповиќ вели: „Вториот Ватикански собор е преродба на сите форми на европскиот хуманизам... Тоа е така бидејќи соборот упорно ја бранеше догмата за непогрешливоста на папата-човек“, и заклучува: „Несомнено е дека лидерите и властите на (западната) европска култура и цивилизација Го изгонуваат Христос“. Токму поради тоа е толку важно да се сведочи за смирениот дух на Православието и да се бранат вистинските христијански корени на единствена Европа - корените што Европа ги имаше за време на првите векови на христијанството, во епохата на катакомбите и седумте Вселенски Собори. Православните не треба да се оптоваруваат со туѓи гревови. Гледајќи ја неисправноста на западното христијанство и давајќи им повод на отстапените од верата да мислат дека Православието има некаков однос кон тоа, ние бевме престанале да сведочиме дека Православието е единствената вистинска вера Христова и единствената надеж за народите на Европа.

Очигледна е неспособноста на римокатолиците да се извлечат од оковите што им се наметнати со одлуките на соборите коишто тие ги нарекуваат „вселенски“ и коишто ги утврдија догмите за filioque, приматот и непогрешливоста на папата, световната власт на римскиот првосвештеник, „создадената благодат“, безгрешното зачнување на Богородица, унијата. Но, наспроти сето тоа православните ги продолжуваат т.н. традиционални взаемни посети, укажувајќи му на папата чест што му прилега само на православен архиереј, и пренебрегнувајќи ги во целост многубројните свети канони што ја забрануваат заедничката молитва. И тоа се прави во време кога богословскиот дијалог сѐ повеќе и повеќе тоне во безнадежност.

По сѐ се гледа дека Ватикан нема намера да се откаже од своите еретички заблуди, а само сака да ги „претолкува“, т.е. да ги прикрие.

Римокатоличката еклисиологија варира од еден документ до друг, од т.н. отворена еклисиологија на енцикликата "Ut unum sint", до еклисиолошката ексклузивност на енцикликата "Dominus Jesus". Треба да напоменеме дека и двата приоди ѝ се туѓи на православната еклисиологија. Самосвеста на светата Православна Црква како Една, Света, Соборна и Апостолска Црква не дозволува признавање на други, инославни цркви и конфесии како „цркви-сестри". Цркви-сестри се само едноверните Помесни Православни Цркви. Употребата на истиот поим, „цркви-сестри", во однос на некакви други цркви, освен православните, е богословски недопустливо.

Римокатолиците го претставуваат filioque како едно од возможните и допустливи формулирања на учењето за произлегувањето на Светиот Дух, богословски со исто значење како православното учење за произлегувањето „само од Отецот". За жал оваа идеја наоѓа поткрепа и кај некои наши богослови.

Папското учење за приматот на папата тврди дека тој примат е непроменлив, за разлика, на пример, од титулата „Патријарх на Запад", од која неодамна се откажа сегашниот папа Бенедикт XVI. За тоа сведочи и спомнувањето на сесветската мисија на апостол Петар и неговите преемници [наследници], во папската проповед изговорена во патријаршиската црква како и во неговиот неодамнешен говор, во кој меѓу другото рече: „Во општењето со преемниците на апостолите, чие видливо единство е олицетворено во преемникот на апостол Петар [папата], Украинската католичка заедница (т.е. унијатите) може да го запази неосквернето Светото Предание" (Catholic Newspaper, No.3046/18-4-2006).

Продолжува наметнувањето и утврдувањето на унијата на сите можни начини, наспроти изјавите на папата дека тоа веќе не е така. За слична лукава позиција покрај сè друго сведочат и провокативните дејствија на поранешниот папа Јован Павле II, кои ја урнаа Балтиморската средба во рамките на православно-католичкиот дијалог, како и писмото на сегашниот папа до кардинал Љубомир Гузар, унијатски архиепископ на Украина. Во тоа писмо, напишано на 22 февруари 2006 г., се подвлекува дека е „битно да се сведочи присуството на двата големи составни дела на единствената традиција - латинската и источната... Мисијата доверена на Грчко-Католичката Црква во полно општење со Петар [Ватикан] е двојна: од една страна, таа треба на видлив начин да ја чува источната традиција во католичката Црква, а од друга - да содејствува во средбата на различните традиции, сведочејќи притоа не само за нивната взаемна хармонија, туку и за нивното длабоко единство во разновидноста".

Во тој контекст пројавите на учтивост, од видот на посетата на папата на Фанар и на Атинскиот архиепископ на Ватикан, преземени без да се постигне согласност во верата, можат од една страна да создадат лажен впечаток за единство, одбивајќи ги од една страна оние инославни кои ќе можеа да ја видат во Православието вистинската Црква, а од друга - да го поматат догматското чувство на мнозина православни. Уште повеќе, тоа може да поттикне некои верни и благочестиви православни, длабоко обеспокоени од соблазната и нарушувањето на светите канони, кон одвојување од црковното тело и создавање нови расколи.

Со љубов кон нашето Православие и болка за единството на Црквата, сакајќи да ја заштитиме православната вера од секакви иновации, ние го повторуваме соопштението на вонредното двојно собрание на Светата Заедница на Света Гора од 9/22 април 1980 г.:

„Веруваме дека светата Православна Црква е едната, света, соборна и апостолска Црква Христова, на која ѝ припаѓа непрекинатото апостолско преемство. Спротивно на тоа, „црквите" и „вероисповедите" на Запад, кои во многу аспекти имаат отстапено од верата на Евангелието, Апостолите и Отците, ја имаат изгубено осветителната благодат, вистинските таинства и апостолското преемство...

Дијалозите со инославни, ако се тие свикани за да им се проговори на инославните за православната вера, та очите да им се отворат за Божествената светлина и тие да се вратат кон православната вера, не се осудуваат.

Богословскиот дијалог на никаков начин не треба да се пропратува со заедничка молитва, учество во богослужбени собранија, заеднички служби или други дејствија што можат да создадат впечаток дека Православната Црква ги признава римокатолиците за полновредна Црква, а папата – за канонски Римски епископ. Слични дејствија ги заблудуваат како православните така и католиците, кај кои се создава лажен впечаток за односот на православните кон нив...

По Божја благодат, Света Гора - како и православниот народ Божји - остануваат верни на верата на светите Апостоли и светите Отци, меѓу другото и заради љубов кон инославните, кои добиваат не мала полза кога, гледајќи ја непоколебливоста на православните во православната вера, ја осознаваат сопствената духовна болест и патот кон исцелувањето од неа.

Безуспешните обиди за обединување, што се случија во минатото, нè поучуваат дека за вистинското единство, кое по Божја волја се остварува само во вистината на Црквата, треба да се подготвуваме и да дејствуваме поинаку отколку што тоа се правеше во минатото и се прави во нашите дни."

*Собрание на претставниците и игумените на сите дваесет обители*
*на Света Гора - Атон. Кареја, 17/30 декември 2006 г.*
*Протокол № Ф 2/7/2310*



# Реакција
## на Руската Православна Црква
### во врска со изјавата на кардиналот Шенборн

Виенскиот кардинал Шенборн, во интервју за весникот „Труд“ од 22 март оваа година, изјави дека од многубројните теолошки дијалози меѓу богословите на двете Цркви во последните децении стана јасно дека „Православната и Католичката Црква постигнаа заеднички ставови скоро по сите богословски проблеми“. Притоа тој додаде дека најважното нешто околу кое се разидуваат двете Цркви е прашањето за приматот на папата.

Од Одделот за надворешни црковни врски на Московската патријаршија беше изразено несогласување со ваквата оценка на кардиналот. Коментирајќи ја неговата изјава од името на Одделот, свештеникот Игор Вижанов укажа на тоа дека за разлика од ваквото општо мислење кај претставниците на Католичката црква, речиси сите православни теолози се согласуваат во мислењето дека постојат разлики, и тоа по однос на: тврдењето на католиците дека Светиот Дух исходи не само од Бог Отецот туку и од Бог Синот; догмата на католицизмот за тоа дека Божјата Мајка е зачната непорочно; а покрај овие неприфатливи догмати, тука е и прашањето за приматот на папата Римски. Освен тоа, за православните има многу неприфатливи нешта и во сферата на аскетската практика на католиците, особено на стигматите, кои Католичката црква ги смета за чудо. „Воопшто, монашката аскеза, која игра голема улога во Православната Црква многу се разликува од католичката“ - подвлече отец Игор.

Извор: www.interfax-religion.ru


Христос воскресе!
ТАБАК
ОСИГУРУВАЊЕ
АД за осигурување ТАБАК - Скопје
III. Македонска бригада б.б., 1000 Скопје
Т. +389 2 3105 608
Ф. +389 2 3105 685
JSC for insurance TABAK - Skopje
III Makedonska brigada b.b., 1000 Skopje
T. +389 2 3105 608
F. +389 2 3105 685
e-mail: contact@tabakosiguruvanje.com.mk
www.tabakosiguruvanje.com.mk
The Best Insurance Company in Macedonia
by Gross Profit, ROA Index, Capital Strength
finance central europe
e-mail: contact@tabakosiguruvanje.com.mk
www.tabakosiguruvanje.com.mk
Најдобра Осигурителна компанија во Македонија
според Gross Profit, ROA Index, Capital Strength
finance central europe